

**Секоја година месец октомври е посветен на подигање на свеста за ракот на дојка. За што треба да бидеме свесни?**

Ракот на дојката е најчестиот рак во европскиот регион на СЗО и водечка причина за смрт од рак кај жените. Ракот на дојка несразмерно ги погодува жените во земјите со пониски приходи. Стапките на 5-годишно преживување од рак на дојка во западноевропските земји со високи примања надминуваат 90%, но сепак се околу 75% во неколку земји од централна и источна Европа. Премостувањето на овие нееднаквости во резултатите од ракот на дојка бара систематски подобрувања во пристапот до услуги соодветни на ресурсите и квалитетни.

Раното откривање влијае на стапката на преживување. Затоа, важно е сите жени да бидат свесни за своите гради, односно „да го знаат своето нормално“ и жените во целните популации да бидат прегледани преку висококвалитетни, организирани програми за скрининг.

Третманот за рак на дојка може да биде високо ефективен, особено кога болеста е рано идентификувана.

Примарна цел на раната детекција (скрининг) е намалување на смртноста од рак на дојката, подобрување на квалитетот на животот на пациентката и намалување на потребата од радиотераписки и онколошки третмани. Поради тоа Министерството за здравство, следејќи ги препораките на Европска Унија, Светската Здравствена организација, како и примерите на повеќето земји во Европа, САД, Канада и Австралија, во април 2015 година започна да спроведува организиран скрининг. ***Почнувајќи од 1 ноември продолжува националната скрининг програма за рано откривање рак на дојка. Оваа година во програмата се вклучени жени во возрасната група од 45 до 69 години. Мамографскиот скрининг е бесплатен за жените според оваа програма.***

Изработил: Д-р Даниела Чингоска